# „‚Што мислите, кога некој од вас би имал река пред својата врата и би се капел во неа петпати на ден, дали ќе остане нешто од неговата нечистотија?

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „‚Што мислите, кога некој од вас би имал река пред својата врата и би се капел во неа петпати на ден, дали ќе остане нешто од неговата нечистотија?‘ Тие рекоа: ‚Не, нема да остане ништо од неговата нечистотија.‘ Тогаш тој рече: ‚Тоа е примерот на петте дневни намази со кои Аллах ги брише гревовите.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ги споредил петте дневни намази во текот на еден ден со река што тече пред нечиј дом. Тие намази ги бришат и отстрануваат малите гревови, како што се чисти од нечистотија човек кој се капе во река петпати на ден.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee